ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ "КИТКА" ИСТИБАЊА
FOLKLORE ENSEMBLE "KITKA" ISTIBANJA
МАКЕДОНИЈА - MACEDONIA
М.Ф.Ф. "ИСТИБАЊСКО ЗДРАВОЖИВО" I.F.F. "ISTIBANJSKO ZDRAVOZIVO"
"К И Т К А"

Dom na kultura b.b. 2312 Istibanja, Macedonia
Tel./Fax: ++389 (0)33 373 212
Mob. - Viber - Whatsapp ++389 (0)70 523 147

e-mail: fakitka@gmail.com
facebook » Folkloren Ansambl Kitka Istibanja
youtube » Folkloren Ansambl "Kitka" Istibanja

број: 26-3223/см
Истибања, 12. Ноември 2026

Совет на Општина Виница
Виница

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено: 12 11 2026			
Орг.Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
05	285/17		

Почитувани,

Во прилог на писмово Ви доставуваме:

1. Предлог-програма за работа на фолклорниот ансамбл „КИТКА" – Истибања во 2027 година;
2. Предлог-буџет за реализација на програмата во 2027 година.

Уште еднаш и на овој начин ја изразуваме нашата благодарност за досегашната подршка на нашето работење од Ваша страна, а се надеваме оти истата ке продолжи и со уште поголем интензитет.

Материјаливе Ви ги доставуваме на разгледување и усвојување од Ваша страна.

прилог:
- материјали

Со почит,

Фолклорен Ансамбл „КИТКА" – Истибања
Претседател & стручно-уметнички раководител
Стојко МИТКОВСКИ

ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ „КИТКА“ – ИСТИБАЊА
ОПШТИНА ВИНИЦА

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО 2027 ГОДИНА

Зачекорувајки во 52-та година од формирањето Фолклорниот Ансамбл „КИТКА“ – Истибања нашиот ансамбл си го најде вистинското место во фолклористиката во Македонија и по својата програма што ја нуди и фестивалските настапи стана бренд на Општина Виница и на Македонија.

Покрај обновувањето на богатиот репертоар од досега изведуваните содржини, ке направиме постановки на минимум 3 нови фолклорни содржини и тоа: една со детскиот, една со младинскиот и една со ветеранскиот ансамбл.

Како и досега поголем акцент ке даваме на новозачленетите членови, со цел успешно да и тие запловат во фолклорните води.

1. НАСТАПИ

Вложениот труд и сработеното некој треба да го види и вреднува. Кај нас фолклористите тоа се фестивалските и концертните настапи.

Фолклорниот Ансамбл „КИТКА“ – Истибања, за 2027 година досега има безброј понуди за фестивали ширум светот. Сите ние се надеваме дека поголем дел од нив и ке реализираме.

Планирани настапи во 2027 година:

- МФФ „ТОДОРИЦА“ – Свети Николе (Март);
- МФФ „Златно сонце“ – Терсин, Турција (Април);
- МФФ „Гајда“ – Ињево (Мај);

- МФФ „Кров 2025“ – Кров, Германија (Јули)
- МФФ „Младите од светот во планина“ – Нови Сонч, Полска (Јули);
- МФФ „Смотра на фолклорот“ – Загреб, Хрватска (Јули);
- МФФ „Пеце Атанасовски“ – Долнени (Јули);
- ДФФ „Илинденски денови“ – Битола (Јули);
- МФФ „Златната Рипка“ – Тулча, Романија (Август);
- МФФ „Сараевски денови“ – Сараево, БиХ (Август);
- МФФ „Лето кај Абрашевиќ“ – Кралево, Србија (Септември);
- 42-ри ЦИОФФ МФФ „Истибањско Здравоживо“ (03 – 09 Септември);
- МФФ „Традиционални инструменти“ – Велика Горица, Хрватска (Октомври);
- МФФ „МААТАФ“ – Ерусалим, Израел (Октомври).

Секако дека оваа листа ќе претрпи промени, со тоа што би прифалите и други интересни фестивалски понуди, како и учество на различни културни манифестации, празници и јубилеи...

2. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Нашиот фолклорен ансамбл се докажа и како добар организатор на манифестации од областа на фолклористиката.

- **„НА ВЕЛИГДЕН НА БЛАГ ДЕН“**, беше убава културна манифестација што порано беше организирана од наша страна. Народот ја посакува и ни сугерира да ја обновиме повторно, со што би се потсетиле на сите обичаи, песни и ора поврзани со најголемиот наш Христијански празник „ВЕЛИГДЕН“.
- **42-ри ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско Здравоживо – 2027“**, во терминот од 03 – 09. Септември 2027 година. На фестивалот ке се селектираат и поканат 20 ансамбли од Македонија и Светот.
  Нашиот фестивал е помеѓу врвните на пошироките балкански простори и е единствен од Македонија како член и во календарите на И.О.В и Ц.И.О.Ф.Ф. (УНЕСКО), светски организации за народни традиции и фестивали.

3. РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА-ФИЛМ

И во 2027 година ке ја продолжиме соработката со националните, регионалните и локалните РТВ куќи.

Покрај редовните учества и снимања на најразлични РТВ емисии, да направиме и една сеопфатна документарна емисија-филм за 50-те години на „КИТКА“ – Истибања.

4. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во полето на издавачката дејност нашиот ансамбл одигрува голема улога.

Во 2027 година ги планираме следниве активности:

- Ново промотивно аудио CD со дел (18 точки) од нашиот богат репертоар;
- Ново промотивно DVD, со специфични фолклорни содржини од нашиот ансамбл;
- Мини монографија за 50-те години работа на Фолклорниот Ансамбл „КИТКА“ – Истибања и 40-те години успешно организирање на МФФ „Истибањско Здравоживо“.

5. СОРАБОТКА СО ДРУГИ АНСАМБЛИ, АСОЦИЈАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

Од секогаш сме соработувале со други ансамбли од Македонија и странство и во континуитет ке продолжи и во наредната година.

Убава соработка ке реализираме и со други асоцијации, како и институции, не само од културата но и од сите сфери од животот.

Со заемната меѓусебна соработка би придонесле за издигнување на културните вредности и нивно презентирање на пошироката јавност, не само во Македонија туку и пошироко.

6. РЕЗИМЕ

Самото раководство, членството и сите оние што го помагаат ансамблот сме со голема упорност и се надеваме дека 2027 - та година ке биде врв на нашето досегашно презентирање на македонското фолклорен бит во земјата и светот, а „КИТКА“ тоа и го заслужува.

Истибања,
Ноември 2026 година

Фолклорен Ансамбл „КИТКА“ – Истибања
Претседател & стручно-уметнички раководите
Стојко МИТКОВСКИ

ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ „КИТКА“ – ИСТИБАЊА
ОПШТИНА ВИНИЦА

ПРЕДЛОГ – БУЏЕТ
ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ВО 2027 ГОДИНА

Планирани приходи:

- Членарина (12 x 9500 денари)	114.000,оо денари
- Министерство за култура	400.000,оо денари
- Партиципација од членовите за дел од превоз за фестивали	596.000,оо денари
- Разни спонзори и донатори	140.000,оо денари
- Општина Виница	700.000,оо денари
***ВКУПНО:**	**1.950.000,оо денари**

Планирани расходи:

- Заостанат долг од 2026 година	240.000,оо денари
- Хонорар по договор за дело, за Етнокореолог	88.000,оо денари
- Канцелариски материјали (12 x 1500)	18.000,оо денари
- ПТТ услуги, интернет (12 x 3000)	36.000,оо денари
- Снимање и издавање на CD и DVD (промотивно) и монограф.	58.000,оо денари
- Манифестација „НА ВЕЛИГДЕН НА БЛАГ ДЕН“	49.000,оо денари
- Превоз за учество на фестивали	1.461.000,оо денари
***ВКУПНО:**	**1.950.000,оо денари**

Истибања,
Ноември 2026 година

Фолклорен Ансамбл „КИТКА“ – Истибања
Претседател & стручно-уметнички раководител
Стојко МИТКОВСКИ